# НИ ОПЕРА НИ ТРИ ГРОША

**Владата реши на сиромашните - социјални случаи, стечајци - да им дели бесплатни билети за претставите на Македонската опера и балет. Луѓето не се многу одушевени од овој неочекуван гест. Велат дека би биле посреќни ако им го исполнела очекувањето навреме да ги добиваат парите за социјална помош. Башка, им било смешно навечер да одат на балет или на концерт, кога цел ден им свират цревата.**

Пишува **Злате Лозановски**

*Во принцип, на подарениот коњ не треба да му се гледа во забите, уште помалку на подјармениот социјалец. Проблемот е што власта со ваквите спорни потези покажува дека нема слух ни за цревата на сиромашните ни за грлата на пејачите. Туку само смисла за црн хумор, нешто што никој не ѝ го оспорува. Кому му помага со бесплатните билети?*

*Кога ќе им кажат дека помошта од две илјади денари за минатиот ќе доцни и идниот месец, Салонот на Македонската опера и балет е последното место кое социјалните случаи ќе сакаат да го видат и да бидат видени. Сиромавиот е жив ѓавол, па може да му текне да ги продаде билетите. Но, ѓаволот ја однесе шегата: одамна никој не купува, камоли да препродава билети за опера или за балет. Според тоа, аналитичарите во Министерството за труд и социјална политика промашиле во процената дека нивните клиенти секојдневно низ контејнерите бараат билет повеќе. Доказ: веднаш по објавувањето на мерките, се случи тепачка помеѓу социјални случаи и шалтерски работници. Ама, не за билети и не во Скопје, туку за неисплатена помош, во социјалното во Кочани.*

*Не верувам ни дека идејата им била да ја зголемат, да ја направат масовна (нешто што им успеа со сиромаштијата) посетеноста на МОБ. Би требало да знаат дека тоа не се прави со евтини или со бесплатни билети, туку со богат репертоар, со задоволни автори и изведувачи, со стандарди кои барем се на културното ниво што го има потенцијалната публика, колку и да е потценета и осиромашена.*

*Но, не е сѐ така безнадежно како што изгледа на прв поглед. Оваа хуманитарна акција, сепак, ќе му помогне на Министерството. Под услов да се сети бесплатните билети да ги прокнижи како уште еден невештен, ама остварен владин проект во пакетот мерки за излез од кризата во која се наоѓа, пред сѐ, светот.*

*Во екот на случувањата се сетив на една друга анкета во која, видливо изненаден, анкетираниот распали: човек ќе реши еднаш да дојде на театар и - нема билети! Беше пред влезот во Драмски, чии претстави сите (едноумие) сакаа да ги видат - и богати и сиромашни, и искусни и почетници (како анкетираниот). Резервациите се правеа еден месец порано, ама не преку Министерството за социјала; тапкарошите пред кината и театрите беа добро ситуирани; масата народ - редовна глетка речиси секој вечер - со нетрпение чекаше да влезе и да почне претставата, а не да излезе лидерот и да заврши со монодрамата.*

*Тој систем е успешно надминат и таква неправда - социјални случаи да не можат да дојдат до билет - веќе нема да ни се повтори.*



**СВП 2012**

**До 15 јуни е отворен конкурсот за наградата „Браќа Миладиновци“ за 51. Струшки вечери на поезијата. Покрај имињата на 45 странски поети, позната е и темата „Новите комуникации - закана или перспектива за поезијата“ на симпозиумот, чиј медијатор ќе биде Кристина Николоска, а ќе гостуваат извонредните теоретичари, критичари и есеисти, Александар Јерков (Србија) и Јуриј Пољаков (Русија).**

## Проект „Скопје креатива“

# Треба да извозуваме ум, а не само работна рака

**Тридневниот Фестивал на креативни индустрии треба да го поттикне, но и да го насочи креативниот потенцијал на младите иноватори**

Пишува **Тони Димков**

Фестивалот на креативни индустрии „Скопје креатива“ е голем тридневен настан што ќе се одвива во шест тематски целини: звук, текст, облик, мултимедија, комуникација и дискурс. Во овие симболички области ќе се одвиваат различни работилници, перформанси, презентации на добри практики и други културни активности. „Креативните индустрии се оние дејности што се базираат на уметничкото творештво и на иновативноста. Производите и услугите, кои настануваат како резултат на овие дејности, секогаш претставуваат некој облик на интелектуална сопственост, било да се работи за автор-

**5** фотоциклуси на Антонио Манфреди се поставени во „Мала станица“ при НГМ. Манфреди е мултимедијален уметник, куратор и директор на Музејот на современа уметност „Касорија“ во Неапол, Италија. Во Скопје се претставува со фотографии од циклусите „Слика во слика“, „Јас, јас и јас“, „Патувајќи низ меморијата“, „Куќата на куклите“ и „Психа“.

**Креативна „КонФузија“**

Театарскиот перформанс „КонФузија“ е создаден низ интимен процес на истражување од десетина креативци поврзани со театарската, музичката, ликовната уметност и со хуманистиката. Седум кратки прикажни во режија на Билјана Радиноска, од 8 до 11 јуни, ќе бидат изведени во институтот „Евро Балкан“.



# Културен свет



## ДОЛГОРОЧНА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ Е ДА ИМ ОВОЗМОЖИ НА СИТЕ КРЕАТИВНИ ЛУЃЕ, ЧИИ ИДЕИ ИМААТ ЕКОНОМСКИ ПОТЕНЦИЈАЛ, ИСТИТЕ ДА ГИ РЕАЛИЗИРААТ И ВО ПРАКТИКА

ско право или да станува збор за патенти и за марка на производот (трејдмарк). Тука влегуваат визуелните уметности, архитектурата, дизајнот, видеоигрите, ТВ-продукциите, изработката на софтвери, модата, анимациите, музиката и др. Градовите во развиените западни земји систематски го поддржуваат развојот на креативните индустрии, гледајќи го во нив нужниот услов за својот, пред сè, урбан развој. Со самиот факт што Град Скопје во својата програма за 2012 година одвои средства за реализација на активности за развој на креативните индустрии, сосема е јасно дека ќе се труди да го поттикнува развојот на овој сè поважен економски сектор“, нагласи Тања Балаќ, раководителка на Секторот за јавни дејности на Град Скопје.

Фестивалот ќе се одржи од 14 до 16 јуни во Градскиот парк. Во програмата за првиот ден на Фестивалот е предвидено да се одржи конференцијата „Креативни индустрии: Теорија преточена во практика“. „Идејата на целиот Фестивал е да ги придвижи капацитетите на културната фела и на дел од бизнис-секторот во насока на развивање на креативните индустрии и искористување на потенцијалите што ги овозможува оваа нова интердисциплинарна платформа. Основно поаѓалиште е потребата да се создаде дискурзивна рамка што овој глобален тренд ќе го пренесе во локалниот контекст и анализирајќи ги локалните потенцијали ќе создаде алатки со кои активната градска културна политика ќе може да стимулира развој на креативните индустрии“, објасни Роберт Алаѓозовски, независен менаџер во културата и медијатор на конференцијата.

Уметнички перформанси, работилници, проекции и концерти се основните активности на Фестивалот, во кој се вклучени триесетина организации што дејствуваат во областа на креативните индустрии. „Целта на проектот е со развој на креативните индустрии и со подигнување на свеста за нивната економска важност за секоја земја, да им овозможиме на младите талентирани и образовани луѓе да работат нешто економски корисно, за себе, како и за другите. Претпоставувам дека ќе одиме во правец на создавање центар за креативни индустрии, во кој на конкретни проекти ќе работат најспособните креативци, притоа создавајќи производи што ќе се продаваат не само во Македонија, туку и во странство. Така сакаме да го тргнеме стереотипот дека можеме да извозуваме само работна рака, туку дека сме најкомпетентни да извозуваме и ум. Проектот 'Скопје креатива' е замислен како траен проект и тој не завршува со овој Фестивал. Наша долгорочна цел е да им овозможиме на сите креативни луѓе, чии идеи имаат економски потенцијал, истите да ги реализираат во практика. Со текот на времето сакаме да создадеме потребна инфраструктура за остварување на оваа основна цел“, објасни Балаќ.



**Роберт Алаѓозовски**

Многу е важно да се создаде критична интердисциплинарна маса експерти, теоретичари, креатори на културни политики и активисти, која ќе се разбере меѓусебе и ќе успее да го динамизира локалниот развој преку поддршка на различни актери во сферата на културните индустрии.



**Кристијан Даниловски**

Студиото за анимација и визуелни ефекти ФХЗХ, на конференцијата „Креативни индустрии: Теорија преточена во практика“, ќе ги презентира искуствата во работењето на визуелните ефекти и на дигиталната анимација за холивудските филмови.



**Ана Франговска**

Институтот за уметности и култура „Арс Акта“ ќе учествува на Фестивалот со изложбата „Визуелни индустрии“, ценејќи дека суштината на културните индустрии е од исклучителна важност за верификација на врските меѓу уметничкиот производ и неговата маркетиншка страна.